Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Општина Сарај, на ден 13.03.2018 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ ЛУПД за изградба на производен комплекс со намена Г2-Лесна индустрија на дел од КП 10710/3, м.в. Буџак, КО Сарај, општина Сарај, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Брвеница, www.saraj.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за изградба на производен комплекс со намена Г2-Лесна индустрија на дел од КП 10710/3, м.в. Буџак, КО Сарај, општина Сарај, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на сопствениците на земјиштето и да се создадат реални услови за уредување и користење на просторот на предметната катастарска парцела КП 10710/3, со оформување на градежна парцела, притоа да се определат урбанистички параметри за изградба, а во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.08-1124/9
Датум:13.03.2018
Место: општина Сарај

Име и презиме
Градоначалник

Блерим Беџети